# З А П И С Н И К

## Од 47- та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 47-та редовна седница на ден 29.11.2016 година (Вторник) со почеток во 13.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Драги Митев претседател на Советотна општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците Јован Пелтековск, Верица Ичева, Гонца Ангелова и Иван Ристов.

На седницата присуствуваше Славе Андонов извршител во одделението за нормативно правни работи и средствата за јавно информирање,

Претседателот на Советот на општина Василево Драги Митев пред да го предложи дневниот ред за работа на 47 –та седница отвори расправа по Записникот од 45-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 20.10.2016 година од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за" „против" и „воздржани" нема

Записникот од 46 – та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 31.10.2016 година беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за" „против" и „воздржани" нема

За работа на 47 –та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. **Предлог- Програма** за управување со отпад на територијата на општина Василево за 2017 година.
2. **Предлог- Програма** за активностите на општина Василево во обласа на заштитата и спасување и противпожарна заштита и справување со кризи во 2017 година.
3. **Предлог- Програма** за работа на Советот на општина Василево за 2017 година.
4. **Предлог – Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко – планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти – викендица к.п.бр.931/3 во КО Василево.
5. **Предлог – Одлука** за давање согласност за легализација на бесправно изградени објекти на земјиште на општина Василево к.п.бр.1858/1 во КО Ангелци.
6. Донесување – Одлука по Барањето поднесено од Ловното друштво Фазан од с. Василево.
7. Донесување – Одлука по Барањето поднесено од Цеков Туше од с. Седларци.

По Отворената расправа по дневниот ред за работа на 47-та седница на Советот на општина Василево за збор се јави Драги Митев претседател на Советот на општина Василево заради сугестија на општинската аддминистрација предложи да се иземе петат точка од дневниот ред: **Предлог – Одлука** за давање согласност за легализација на бесправно изградени објекти на земјиште на општина Василево к.п.бр.1858/1 во КО Ангелци.

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Драги Митев да се иземе петат точка од дневниот ред: **Предлог – Одлука** за давање согласност за легализација на бесправно изградени објекти на земјиште на општина Василево к.п.бр.1858/1 во КО Ангелци, беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за" „против" и „воздржани" нема.

Дневниот ред за работа на 47-та седница на Совет на општина Василево со направената измена на дневниот ред да се иземе петат точка од дневниот ред: **Предлог – Одлука** за давање

согласност за легализација на бесправно изградени објекти на земјиште на општина Василево к.п.бр.1858/1 во КО Ангелци, беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

**1.**

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред **Предлог- Програма** за управување со отпад на територијата на општина Василево за 2017 година. за збор се јави Драги Митев претседател на Комисијата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

Душко Атанасов како член на Комисијата за Урбанизам рече дека на седницата на комисијата инсестираше до претседателот на комисијата да присуствува представник од комуналното претпријатие „Турија“ Василево ниту пак има присутен претставник од комуналното претпријатие на седницата на Совет сака да постави неколку прашања доколку има некој копетентен да одговори во врска со Предлог- Програмата за управување со отпад на територијата на општина Василево за 2017 година околу вработените за собирање на сметот во комуналното претпријатие од седумте вработени лица од кој 5 се непосредни извршители и еден раководител праша кои се тие пет непосредни извршители и кој е раководителот да знаат граѓаните кога ќе имат проблеми да се обраќат кај раководителот.

Драги Митев претседател на Советот на општина Василево рече дека во моментот тој не е компетентен да одговори на прашањата за тоа е обавестен директорот на ЈПКД„ Турија Василево да присуствува на седница на Совет.

Душко Атанасов упати критика до претседателот на Советот Драги Митев рече дека тој како претседател треба да ангажира да присуствува претставник од комуналното претпријатие има администрација секретар или било кој да ангажира да присуствува на седница се работи за донесување на Предлог- Програма за управување со отпад на територијата на општина Василево за 2017 година.

Славе Андонов претставник од општинската аддминистрација рече дека програмата не ја изработува комуналното претпријатие градоначалникот не е присутен на седницата тој е предлагач на програмата. Програмата е изработена од Бранко Андонов тој е административен службеник кој што треба да даде образложение.

Немаше друг пријавено за збор точката **Предлог- Програма за управување со отпад на територијата на општина Василево за 2017 година**, беше ставена на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

**2.**

По отворената расправа по втората точка: Предлог- Програма за активностите на општина Василево во областа на заштитата и спасување и противпожарна заштита и справување со кризи во 2017 годин за збор се јави Сашко Георгиев претседател на комисијата за јавна безбедност, безбедност на собраќајот и против пожарна заштита рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа **„ за**„ „против“ и „воздржани“ нема.

Немаше друг пријавено за збор **Предлог- Програма за активностите на општина Василево во областа на заштитата и спасување и противпожарна заштита и справување со кризи во 2017 годиа,** беше ставена на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 11 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

3.

По отворената расправа по третата точка: **Предлог- Програма за работа на Советот на општина Василево за 2017 година,** никој не се јави за збор беше ставена на гласење од гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема

4.

По отворената расправа по четвртата точка: Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко – планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти – викендица к.п.бр.931/3 во КО Василево, за збор се јави Драги Митев претседател на Комисијата за урбанизам комунални дејности и заштита на животната средина рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

Немаше друг пријавено за збор **Предлог – Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко – планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти – викендица к.п.бр.931/3 во КО Василево,** беше ставена на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

**5.**

По отворената расправа по петата точка: Донесување – Одлука по Барањето поднесено од Ловното друштво Фазан од с. Василево. за збор се јави Силвана Јованова претседател на Комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа Барањето имаше предлог да се доделат финансисаки средства во висина од 20.000 денари, комисијата од 4 присутни члена го усвои го усвои со 4 гласа „ за„ „против“ и „воздржани“ немаше. Предлага до Советот да го разгледа и усвои Барањето.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од комисијата да се доделат финансисаки средства во висина од 20.000 денари по Барањето поднесено од Ловното друштво Фазан од с. Василево беше ставено на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

Точката: **Донесување – Одлука по Барањето поднесено од Ловното друштво Фазан од с. Василево со усвоениот предлог да се доделат финансисаки средства во висина од 20.000 денари** беше ставена на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

**6.**

По отворената расправа по шестата точка: Донесување – Одлука по Барањето поднесено од Цеков Туше од с. Седларци за збор се јави Силвана Јованова претседател на Комисијата за финансии рече дека комисијата на седницата го разгледа Барањето имаше предлог да се доделат финансисаки средства во висина од 10.000 денари, комисијата од 4 присутни члена го усвои со 4 гласа „ за„ „против“ и „воздржани“ немаше. Предлага до Советот да го разгледа и усвои Барањето.

Душко Атанасов рече дека го познава лицето се работи за сериозна болест негов предлог е да се доделат финансисаки средства во висина од 20.000 денари.

Предлогот на Душко Атанасов да се доделат финансисаки средства во висина од 20.000 денари по Барањето поднесено од Цеков Туше од с. Седларци беше ставен на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

Точката: **Донесување – Одлука по Барањето поднесено од Цеков Туше од с. Седларци со усвоениот предлог од Душко Атанасов да се доделат финансисаки средства во висина од 20.000 денари** беше ставена на гласење од 11 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 11 гласа „за“ „против“ и „воздржани“ нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советотот на општина Василево Драги Митев ја затвори 47-та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на Општина Василево
Претседавач:
**Драги Митев**